Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 март 2022 година, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-731/1 од 24 март 2022 година за промена на категорија на приклучок на Трговското друштво за внатрешна и надворешна трговија АС СПЕЦИЈАЛ Горге ДООЕЛ Гевгелија, со ЕМБ 4006990102069 и тоа:
   - место на потрошувачка: 2809330010003,
   - адреса на мерно место: ул. 7-ми Ноември бб, Гевгелија,
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV2 во LV 1.2 на Трговско друштво за внатрешна и надворешна трговија АС СПЕЦИЈАЛ Горге ДООЕЛ Гевгелија и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр. 12-731/1 24 март 2022 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Трговско друштво за внатрешна и надворешна трговија АС СПЕЦИЈАЛ Горге ДООЕЛ Гевгелија, место на потрошувачка бр. 2803550010002 и адреса на мерно место ул. Лески бр.1, Гевгелија.

Барањето е поднесено како резултат на тоа што Електродистрибуција ДООЕЛ планира дислокација на предметното мерно место со поставување на опремата од објектот на корисниот на самостоен извод, до ТС. Со оглед на тоа дека во постоечката евиденција на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ова мерно место има категорија на приклучок LV2, побарано е да се направи корекција на категоријата на приклучок во LV1.2. Поради ова потребно е да се промени категоријата на приклучок за ова мерно место од LV2 во LV1.2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на

електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/20) согласно кој, во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици на среден напон/низок напон, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-731/2**
**31 март 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**